Macedonian - Похотта Писмата - Lust Scriptures

Излез 15:9 Мислеше непријателот: ‘Ќе ги голтнам, ќе ги стигнам, ќе го поделам пленот, мојата душа ќе биде со него; ќе го извлечам мечот, ќе ги уништам со својата рака.’

Излез 18:21 Тогаш, избери од целиот народ способни луѓе, кои се бојат од Бога, и праведни, кои го мразат поткупот, па постави ги за главатари на народот: илјадници, стотници, педесетници и десетници.

Излез 20:14 Не ќе прељубодејствуваш!

Излез 20:17 Не ќе го посакуваш домот на твојот ближен! Не ќе ги посакуваш: жената на твојот ближен, ни неговиот слуга, ниту неговата слугинка, ни неговиот вол, ниту неговото осле, ни што и да е што му припаѓа на твојот ближен!”

Броеви 11:4 Придојдениците среде нив ги опфати лакомство за јадење. А и Израелците пак почнаа да се поплакуваат, велејќи: „Кој ќе нѐ насити со месо!

Второзаконие 5:21 Не посакувај ја жената на својот ближен! Не лакоми за куќата на својот ближен, за неговата нива, за неговиот слуга, за неговата слугинка, за неговиот вол, за неговото осле, ниту за нешто што е на твојот ближен.’”

Второзаконие 12:20 Кога Господ, твојот Бог, го прошири твоето подрачје, како што ти рече, и речеш: ‘Јас би јадел месо” - зашто сакаш да јадеш месо - можеш да го јадеш колку што ти сака душата.

Второзаконие 22:22 Ако некој маж биде најден како лежи со жена мажена за друг, двата - и мажот кој лежеше со жената и самата жена - нека бидат погубени. Така ќе го откорнеш злото од Израел.

Исус Навин 7:21 видов во пленот убава вавилонска наметка, две стотини сикли сребро и златна плоча што тежи педесет сикли, па се полакомив и ги зедов за себе. Ене сѐ е закопано среде мојот шатор, а среброто е одоздола.”

Псалми 10:3 Безбожникот се фали со желбите на својата душа; среброљубецот се одречува од Господа и Го презира.

Псалми 78:18 Го искушуваа Бога во своите срца, барајќи јадења за својата лакомост.

Псалми 78:30 Уште не се беа откажале од својата лакомост и јадењето уште им беше во устите,

Псалми 81:12 Затоа го оставив на неговото окоравено срце: нека оди

како што му се сака!

Псалми 106:14 Се полакомија многу во пустината, Го искушуваа Бога во осаменост.

Псалми 119:36 Приклони ми го срцето кон Твоите прописи, а не кон сребролубие!

Пословици 1:19 Такви се патиштата на сите лакоми за пари, на завладеаните од нив им го одзема животот.

Пословици 6:25 Не посакувај ја во своето срце нејзината убавина, и не оставај да те освои со своите клепки,

Пословици 15:27 Користолубивиот го разурнува својот дом, а кој го мрази поткупот, ќе живее.

Пословици 21:25,26 Мрзливиот го убива неговата желба, зашто неговите раце одбиваат да работат. 26 Нечесниот по цел ден лакоми, а праведникот дава и не штеди.

Пословици 28:16 Неразумниот управител прави многу насилства, а кој ја мрази лакомоста, живее долго.

Исаија 56:11 Тоа се лакоми, ненаситни, кучиња; тоа се пастири без разум: секој се свртува по својот пат, секој по својата печалба.

Исаија 57:17 Заради гревот на неговата лакомост се разгневив, го удрив и се скрив разгневен. Но тој сврти по своето срце

Еремија 6:13 зашто од најмалиот до најголемиот сите лакомат за плен, од пророкот до свештеникот сите се измамници.

Еремија 22:17 Но твоите очи и срцето одат само по печалба, за да пролеваш невина крв, за да правиш насилство и угнетување."

Еремија 51:13 О ти што престојуваш крај големите води и што си богат со секакви блага! Сега ти дојде свршеникот, крајот на твојата лакомост.

Езекиел 6:9 Тогаш преживеаните меѓу вас ќе си спомнат за Мене меѓу народите каде што ќе бидат одведени во ропство, кога ќе им го скршам прељубничкото срце зашто се одметна од Мене, и кога ќе им ги ископам блудничките очи зашто отидоа по нивните кипови. И тогаш сами себе ќе се замразат заради беззаконијата што ги направија со своите гадности.

Езекиел 14:4,5 Затоа речи им: 'Господ Бог зборува вака: „На секој од Израелевиот дом кој носи идоли во срцето и ги насочува очите во она што ги поттикнува на грев, а доаѓа кај пророкот, Јас, Господ, ќе му одговорам според мноштвото на неговите идоли, 5 за да го фатам за срце Израелевиот дом што се одметна од Мене заради своите идоли."'

Езекиел 22:12 Ги има кои примаат поткуп за да пролеат крв. Земаш

заем и придобивка, ограбуваш насила од ближниот, а Мене Ме забораваш - говори Господ Бог.

Езекиел 33:31 И брзаат кон тебе како на народен собир; и Мојот народ седнува пред тебе и ги слуша твоите зборови, но не ги извршува: се насладува со нив во устата, а нивното срце им оди по неправедна печалба.

Осија 4:12 Мојот народ бара совет од дрво, неговата палка му дава одговори: зашто духот на развратот ги заведува нив, та бегајќи од Својот Бог му се предаваат на блудството.

Осија 5:4 Не им даваат нивните дела да Му се вратат на Својот Бог, зашто духот на блудството е меѓу нив; тие не го познаваат Господа.

Михеј 2:2 Посакаат ли полиња, ги одземаат и куќи, ги земаат; им прават насилство на човекот и на неговата куќа, на сопственикот и на неговото наследство.

Наум 3:4 Тоа сето е заради многуте разврати на блудницата, на милата љубовница, господарката на магии, која со својот разврат ги продава народите и племињата со своите вражања.

Хабакук 2:9 Тешко му на оној, кој придобива неправедна печалба за својата куќа, за да го постави гнездото си на високо, и да се избави од раката на злото.

Матеј 5:28 А Јас ви велам дека секој, кој гледа на жена со желба, веќе извршил прељуба со неа во своето срце.

Марко 4:19 но светските грижи, и измамливоста на богатството, и желбите за други работи, кога ќе влезат го загушуваат словото, и останува без плод.

Марко 7:22 кражби, лакомства, лукавства, пакости, разузданост, око лукаво, богохулство, гордост, безумство.

Лука 3:14 Го прашаа и војниците: „Што да правиме ние?" И им рече: „Не измачувајте никого и не клеветете, и бидете задоволни со своите плати!"

Лука 12:15 И им рече: „Внимавајте и чувајте се од секое користољубие, зашто животот на човекот не се состои во изобилството на неговиот имот!"

Лука 16:14 А сето тоа го слушаа фарисеите, кои беа сребролјупци и Му се потсмеваа.

Јован 8:44 Вие потекнувате од вашиот татко - ѓаволот, и сакате да ги исполнувате желбите на татка си. Тој беше човекоубиец од почеток и не остана во вистината, зашто нема вистина во него. Кога зборува лага, зборува од своето, зашто е лажец и татко на лагата.

Дела 20:33 Сребро или злато или облека не посакав од никого.

Римјаните 1:24-29 Затоа Бог ги предаде, според желбите на нивните срца, на нечистотата, така што сами да ги обесчестат своите тела; 25 нив, кои Божјата вистина ја заменија со лага, и му се поклонуваа и служеа на созданието место на Создателот, Кој е благословен довека, Амин! 26 Затоа Бог ги предаде на срамни страсти: нивните жени го заменија природното општење со неприродно; 27 мажите, исто така, го оставија природното општење со жена и се распалија со сладострасност еден кон друг, правејќи - мажи со мажи - срамни работи, добивајќи заслужена плата во себе за својата заблуда. 28 И бидејќи не се обидоа да Го имаат Бога во нивните мисли, Бог ги предаде на нивниот изопачен ум, за да прават што не прилега: 29 исполнети со секаков вид неправда, расипаност, алчност, зло; полни со завист, убиства, расправии, лукавства, подмолност; озборувачи,

Римјаните 6:12 И така, нека не царува гревот во вашето смртно тело, па да ги слушате неговите страсни желби!

Римјаните 7:7 И така, што да речеме? Дали е Законот грев? Далеку од тоа! Сепак, јас го запознав гревот само преку Законот, зашто не би ја запознал страсната желба, ако Законот не рече: „Не ќе пожелуваш!”

Римјаните 13:9 Зашто заповедите: „Не прави прељуба! Не убивај! Не кради! Не посакувај!” - и ако има уште некоја друга заповед - содржани се во овие зборови: „Љуби го својот ближен како себеси!”

Римјаните 13:14 туку облечете се во нашиот Господ Исус Христос, и не мислете како да ги задоволите похотите на телото.

1 Коринтјани 5:10,11 не воопшто со блудниците на овој свет, или со лакомците, или со разбојниците, или со идолопоклонците, зашто тогаш би требало да излезете од светот. 11 Но сега ви напишав да не се дружите со оној, кој се наречува брат, а блудник е или лакомец, или идолопоклоник, или хулник, или пијаница или разбојник. Со таков и да не јадете!

1 Коринтјани 6:9,10 Или не знаете ли дека неправедниците нема да го наследат Божјото Царство? Не измамувајте се! Ни блудниците, ни идолопоклониците, ни прељубниците, ни мекушците, ни изопачените мажи (содомци), 10 ни крадците, ни лакомците, ни пијаниците, ни клеветниците, ни разбојниците, нема да го наследат Божјото Царство.

1 Коринтјани 10:6 А тие нешта станаа примери за нас, за да немаме зли желби, како што ги имаа тие.

1 Коринтјани 12:31 Туку покажувајте ревност за подобрите дарби! А јас ќе ви покажам уште повозвишен пат.

1 Corinthians 14:39 Затоа, браќа мои, ревнувајте за пророкување и не

забранувајте да се зборува во јазици!

2 Коринтјани 9:5 И така, сметав за потребно да ги замолам браќата да отидат пред нас при вас, и да го приготват однапред вашиот отпорано најавен дар на благослов, така што да биде готов како благослов, а не како користољубие.

Галатјани 5:16-20 А велам: одете во Духот и нема да ги исполнувате страстите на телото, 17 зашто телото копнее против Духот, а Духот против телото; зашто тие се противат еден на друг, за да не го правите она, што сакате. 18 Но, ако Духот ве води не сте под Законот. 19 А делата на телото се познати; тоа се: блудство, нечистота, бесрамност, 20 идолопоклонство, вражање, непријателства, препирка, ревнување, гнев, себичност, раздори, кривоверства;

Галатјани 5:24 А оние кои се Христови го распнаа своето тело со неговите страсти и похоти.

Ефесјани 2:1-3 И вас, кои бевте мртви поради вашите престапи и гревови, 2 во кои живеевте некогаш според векот на овој свет, според кнезот на воздушните сили - духот, кој дејствува сега меѓу синовите на непокорноста. 3 Меѓу овие, и ние живеевме некогаш во своите телесни страсти, извршувајќи ги похотите на телото и на помислите и бевме по природа чеда на гневот како и сите други.

Ефесјани 4:19 Откако го изгубија чувството, тие и се предадоа себеси на разузданоста, за да прават секаква нечистота во лакомост.

Ефесјани 4:22-27 во однос на својот поранешен живот, вие треба да го соблечете од себе стариот човек, кој тлее заради измамливите страсни желби, 23 и да се обновувате во духот на својот ум, 24 и да се облечете во новиот човек, кој е создаден според Бога во правдата и светоста на вистината. 25 Затоа отфрлете ја лагата и зборувајте вистина секој со својот ближен, зашто сме членови едни на други! 26 Ако сте гневни, не грешете! Сонцето да не зајде во вашиот гнев, 27 и не давајте му место на ѓаволот!

Ефесјани 5:3,5 А блудството и секаква нечистота или лакомост, да не се спомнуваат меѓу вас, како што им прилега на светите! 5 Зашто, знајте го ова добро: ниеден блудник, ниеден нечист, ниеден лакомец - кој е идолопоклоник - нема наследство во Христовото и Божјото Царство!

Колосјани 3:5 И така, умртвете ги своите членови што се на земјата: блудството, нечистотата, страста, лошата желба и лакомството, што е идолопоклонство,

1 Солунјани 2:5 Зашто, како што знаете никогаш не настапивме со ласкави зборови ниту со притаено лакомство. Бог е сведок за тоа.

1 Солунјани 4:3-7 Зашто, ова е Божјата волја, вашето осветување, да се воздржувате од блудство, 4 секој од вас да знае да го држи својот сад во светост и чест, 5 не во похотна страст, како народите кои не Го познаваат Бога; 6 да не престапува и го измамува својот брат во тоа, зашто за сѐ тоа Господ е Одмаздувач, како што ви рековме и сведочевме порано. 7 Имено, Бог не нѐ призва на нечистота, туку на осветување.

1 Тимотеј 3:3,8 не пијаница, не жесток, не лаком, туку благороден, не наклонет на препирка, не сребролубец, 8 Исто така, ѓаконите треба да бидат чесни, не двојазични, да не сакаат многу вино, не лакоми на срамна печалба -

1 Тимотеј 6:9,10 А оние кои сакаат да се богатат, паѓаат во искушение, во стапица и во многу неразумни и штетни желби, што ги туркаат луѓето во пропаст и погибел, 10 зашто сребролубието е корен на секакви зла; некои му се предадоа, се отстранија од верата и се прободија себеси со многу болки.

2 Тимотеј 2:22 Бегај од младински желби! Стреми се кон правда, вера, љубов и мир со оние кои Го повикуваат Господа од чисто срце.

2 Тимотеј 3:2 зашто луѓето ќе бидат саможиви, сребролупци, самофалци, горделиви, хулители; непокорни на родителите, неблагодарни, несвети;

2 Тимотеј 3:6 Зашто од нив се оние кои се вовлекуваат во куќите и ги измамуваат простите жени натоварени со гревови, кои се водени од различни страсти,

2 Тимотеј 4:3 Зашто ќе дојде време, кога луѓето не ќе ја трпат здравата наука, туку според своите страсти ќе си насоберат учители,за да им ги скокоткаат ушите,

Тит 2:12 која нѐ воспитува да се откажеме од безбожноста и светските похоти; да живееме разумно, праведно и побожно во сегашниов век,

Тит 3:3 Зашто и ние бевме некогаш неразумни, непокорни, скитници, робови на разни страсти и задоволства, живејќи во зло и завист, мразени и мразејќи се еден со друг.

Евреите 13:5 Нека вашето однесување биде слободно од сребролубие. Бидете задоволни со она, што го имате, зашто Тој рече: „Никогаш нема да те напуштам, ниту ќе те оставам!”

Јаков 1:14,15 Туку, секого го искушува неговата сопствена похот, која го влече и го мами. 15 Потоа похотта зачнува и раѓа грев, а направениот грев раѓа смрт.

Јаков 4:1-5 Од каде се војните и од каде се борбите меѓу вас? Не доаѓаат ли од вашите страсни желби, што се борат во вашите

членови? 2 Сакате и немате, убивате и завидувате, и не можете да постигнете; се борите и војувате. Немате, зашто не молите. 3 Барате, но не добивате, зашто барате погрешно, за да го трошите во вашите страсни желби. 4 Прељубници, не знаете ли дека пријателството со светот е непријателство против Бога? И така, кој сака да му биде пријател на светот, Му станува непријател на Бога. 5 Или, мислите ли дека Писмото вели напразно: „До ревност го љуби духот, кој живее во нас?”

1 Петар 1:14 Како послушни чеда, не управувајте се според некогашните страсти, кои ги имавте во своето незнаење,

1 Петар 2:11 Возљубени, ве молам: како туѓинци и придојденици да се воздржувате од телесните желби, зашто тие војуваат против душата.

1 Петар 4:2-4 та останатото време на животот, во телото, да не го поминете според човечките страсти, туку според Божјата волја. 3 Зашто доста е што во минатото време ја вршевте волјата на народите со тоа што живеевте во разврати, во страсти, во пијанства, во гозби, во опијанувања и во беззаконско идолопоклонство. 4 Затоа сега и се чудат дека вие не трчате со нив во истата крајност на развратот, и ве хулат;

2 Петар 1:4 со што ни се подарени скапоцени и најголеми ветувања, та преку нив да станете учесници во Божјата природа, откако и избегавте на расипаноста, која е во светот, преку сладострастието, кое владее во светот;

2 Петар 2:3 И во лакомство ќе ве искористуваат со измислени зборови, но нивното осудување е одамна готово и нивната гибел не дреме.

2 Петар 2:9-19 тоа значи дека Господ знае како да ги избави побожните од искушенија, а неправедните да ги запази за казнување до денот на судот; 10 а особено оние, кои одат по нечистите похоти на телото и го презираат господството. Како дрски и своеволни луѓе тие не се плашат да ги хулат величествата, 11 додека ангелите, кои се поголеми по сила и снага, не изговараат хулна осуда против нив пред Господа. 12 А овие, како неразумни животни, кои се по природа определени да бидат ловени и истребувани, хулат на она што не го знаат, и самите ќе загинат во својот разврат, 13 добивајќи казна за неправдата. Тие го сметаат развратниот живот дење за своја наслада, валкани и срамни се тие, кои се честат со своите измами кога се гостат со вас. 14 Нивните очи се полни со прељуба и не се одречуваат од гревот; тие ги заведуваат неутврдените души: имаат срце научено на лакомство; тие се деца на проклетството. 15 Го оставија вистинскиотпат и заблудија, и тргнаа по патот на Валаама,

синот Восоров, којпосака неправедна плата, 16 но прими укор за своето беззаконие: нема ослица проговори со човечки глас и го спречи пророковотобезумство. 17 Тоа се безводни извори и облаци, што ги тера виорот; за кои се пази темен мрак засекогаш. 18 Зашто со тоа што зборуваат високозвучни и суетни зборови ги мамат преку телесните страсни желби и преку разузданост оние, кои што туку избегале од оние кои живеат во заблуда; 19 им ветуваат слобода, а самите и робуваат на расипаноста, зашто од што е некој победен, на тоа и му робува.

2 Петар 3:3 Знајте го пред сè ова: дека во последните дни ќе се јават подигрувачи, кои со своите подигрувања ќе одат по сопствените страсти и ќе велат:

1 Јован 2:15-17 Не сакајте го светот, ниту она што е во светот. Ако некој го сака светот, љубовта од Бога Таткото не е во него, 16 зашто сè што е во светот: - похотта на телото, похотта на очите и гордоста на животот, не е од Таткото, туку од светот. 17 А светот поминува и неговата похот, а кој ја извршува Божјата волја останува довека.

Јуда 1:11 Тешко ним, зашто тргнаа по Каиновиот пат, и за печалба паднаа во Валаамовата заблуда и загинаа во Кореевата буна.

Јуда 1:15-19 за да им суди на сите и за да ги изобличи сите безбожници, за сите нивни безбожни дела, што безбожно ги направиле, и за сите навредливи зборови, што безбожните грешници ги изговориле против Него.” 16 Тие луѓе се мрморливци, кои стално се жалат, кои живеат според своите страсти, а нивната уста изговорува горделиви зборови, а кои им ласкаат на одделни личности заради печалба. 17 А вие, возљубени, спомнете си ги зборовите кажани порано од апостолите на нашиот Господ Исус Христос; 18 зашто ви кажаа: „Во последно време ќе се јават потсмевнувачи, кои ќе живеат според своите безбожни страсти.” 19 Тоа се оние што се одделуваат, телесни расположени луѓе - кои немаат Дух.

Откровение 18:14 И овошките, по кои копнееше твојата душа, си отидоа од тебе, и секое изобилство и секој сјај ти пропадна, и нема веќе да го најдеш.”

Pastor T. John Franklin
Church of Salvation, Healing, and Deliverance
COS-HAD.org